СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

на општина Новаци

Број 04/20

Излегува по потреба-04.03-2020година.Среда-Бр.04, година XXIV
.Ж-ска 749014004563010 Депонент Народна банка на Македонија;
E-mail: Novacio@t.mk Примерок 50 денари

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Програма во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето
на општина Новаци за 2020 година

1. Објавувам Програма во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Новаци за 2020 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/1
03.03.2020 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 9 и 50 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

ПРОГРАМА

ЗА РАБОТА ВО ОБЛАСТА НА РАСПОЛАГАЊЕТО СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА НОВАЦИ ЗА 2020 ГОДИНА

ПРОСТОРЕН ОПФАТ И ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на оваа програма е располагањето, управувањето и менаџирање со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија на територијата на општина Новаци дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија за време на календарската 2020 година, а врз основа на донесените општи акти од страна на Советот на општина Новаци врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење. Од друга страна пак вклучува отуѓување на градежно земјиште со јавно наддавање и непосредна спогодба, давање на земјиште на долготраен и краткотраен закуп и размена на земјиштето. Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Новаци ги третира територииите односно опфатите на оштите акти каде земјиштето е во сопственост на Република Северна Македонија и каде што согласно Законот за градежно земјиште може да се оствари промет на градежното земјиште во рамките и на начин определен со Законот за градежно земјиште. Општина Новаци има комисија за располагање со градежно земјиште и има поднесено барање до Министерството за транспорт и врски да ги врши работите на располагање со градежно земјиште, да остварува промет со градежно земјиште и приходи по тој основ.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на располагањето, управувањето и менаџирањето со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежни парцели што се наоѓаат на територијата на општина Новаци во населените места Зовиќ и Старавина согласно општите акти за овие населени места:

1	Општ акт за село Зовиќ донесен со Одлука од Совет на општина Новаци бр. 07-795/11 од 30.09.2014 година
2	Општ акт за село Старавина донесен со Одлука на Совет на општина Новаци бр. 14-71/19 од 30.01.2015 година

Просторен опфат

Со оваа програма се дефинира менаџирањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на општина Новаци дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за време на календарска 2020 година. Во текот на годишната програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територииите на:

Населено место Зовиќ и населено место Старавина, според општите акти за овие населени места, и тоа општ акт за село Зовиќ донесен со Одлука бр. 07-795/11 од 30.09.2014 година и општ акт за село Старавина донесен со Одлука бр. 14-71/19 од 30.01.2015 година донесени од страна на Советот на општина Новаци.

ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМАТА

Законски основ за изработка на Програмата

Законски основ на Програмата за управување со градежното земјиште се:

Законот за локалната самоуправа (Сл. Весник на РМ 5/2002), Закон за градежно земјиште (Сл. Весник на РМ бр. 15/15; 44/15; 98/15; 193/15; 226/15; 30/16; 31/16; 142/16 и 190/16), член 21 од Статутот на општина Новаци (Сл. Гласник бр. 7/2019) и Уредба за висината на цената на градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија и висината на посебните трошоци за спроведување на постапките за отуѓување и давање под закуп (Сл. Весник на РМ бр. 158/13; 175/13; 134/14 и 161/14).

Цели на програмата

Обезбедување на услови за социо – економски развој на општината преку обезбедување просторни услови за развој што ќе им овозможат на заинтересираните правни и физички лица изградба на сопствени простории за обавување на одредена дејност, а потоа и да придонесат за развојот на општина Новаци на начин што ќе обезбедат вработување на невработени лица и обезбедување на подобри услови за живеење од една страна, а од друга страна и давање на можност за користење на расположливите ресурси.

Динамика на реализација на програмата

Програмата за 2020 година се планира да се реализира континуирано во календарската 2020 година.

Блок 1
Парцела 682; 1306; 1329; 1371 КО Зовиќ









Градежни парцела 682; 1306; 1329 и 1371

- Основна класа на намена за градежната парцела е А – домување, односно:
    - А0 – домување во станбени куќи со посебен режим
    - А1 – домување во станбени куќи
    - А3 – групно домување
- Процент на изграденост е 60 % (урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти)
- Коефициент на искористеност е 1,8 (урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земиште, изразен со рационален број со две децимали)
- Катност е П+2
- Максимална висина на венец 10,2 м
- Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат за сите катастарски парцели во рамките на планскиот опфат во чии граници се дефинирани наменски зони за домување, јавни институции, зеленило и рекреација и инфраструктура.
- Во зоната предвидена за домување, во катастарските парцели до кои се пристапува директно од дефинираните главни сообраќајни правци, во објектите со основна класа на намена А1 – домување во станбени куќи и домување во станбени куќи во селско – стопански двор и А3 – групно домување дозволено е егзистирање на компатибилна класа на намени:
    - Б1 – мали комерцијални и деловни намени (до 30 % во однос на основната класа на намени)
- Формирањето на градежната парцела, површина на градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14)
- Површината на градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели, при што минимално растојание од површината на градење до границата со парцелата кон постоечката сообраќајница не треба да е помало од три (3) метри, согласно член 84-а од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14)

- Максимално дозволената висина на венец е планска одредба со која се утврдува височината на градбата и се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела (страната од каде што се пристапува преку јавна сообраќајна површина), во согласност со член 44 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14):
    - За рамен терен максималната височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри;
    - За терен во пад, доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.
- Стационарниот сообраќај – паркирањето да се решава во рамки на сопствена градежна парцела. Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14). Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е одновен услов за постигнување на максимално дозволените урбанистички величини и параметри (процент на изграденост, коефициент на искористеност, висина на венец и катност)
- Колски пристап до градежните парцели да се обезбеди од постоечка сообраќајна инфраструктура. Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата, инвеститорот е должен сам да си обезбеди колски или пешачки пристап
- Надлежните институции кои стопанисуваат со комуналните инфраструктурни мрежи (водовод, канализација, електрично напојување, фиксна телефонија итн.) да обезбедат услови за приклучок на градежните парцели кон своите мрежи
- Во рамките на планскиот опфат, потребно е обезбедување на услови со соодветно собирање, чување предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад кој ќе се одлага во заеднички контејнери, а определувањето на нивните локации да се изврши со Одлука од Советот на општина Новаци
- При изградбата на новите објекти да се почитува важечката законска и подзаконска регулатива која го регулира градењето
- Се задолжува инвеститорот да обезбеди комплетен третман на отпадните води во согласност со важечката законска регулатива

- Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите од овој Општ акт, мора да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

Број на парцела	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена	Катност	Максимална висина до венец м^1	Површина на градежна парцела м^2	Максимална површина за градба на повеќе градби во утврдениот простор за градба	Бруто развиена површина за градба по нивоа	Коефициент на искористеност	Процент на изграденост
682	А0 А1 А3	Б1	П+2	10,2	598	358,8	860	1,8	60
1306	А0 А1 А3	Б1	П+2	10,2	527	316,2	750	1,8	60
1329	А0 А1 А3	Б1	П+2	10,2	1043	625,8	1875	1,8	60
1371	А0 А1 А3	Б1	П+2	10,2	849	509,4	1220	1,8	60

Блок 2
Парцела 502; 520; 536 и 700 КО Старавина









Градежни парцели 502; 520; 536 и 700

- Основна класа на намена за градежната парцела е А – домување, односно:
  - А0 – домување во станбени куќи со посебен режим
  - А1 – домување во станбени куќи
  - А3 – групно домување
- Процент на изграденост е 50 % (урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште изразен во проценти)
- Коефициент на искористеност (урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште и се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени спратови на градбата и вкупната површина на градежното земиште, изразен со рационален број со две децимали):

    - За А0 – Домување во станбени куќи со посебен режим за градежни парцели до 1000 м^2 процентот е 1,00
    - За А0 – Домување во станбени куќи со посебен режим за градежни парцели над 1000 м^2 процентот е 0,50
    - За А1 – домување во станбени куќи проценот е 1,50
    - За А3 – групно домување процентот е 1,50
- Катност:
    - За А0 – Домување во станбени куќи со посебен режим за градежни парцели до 1000 м^2, катност е П+2+ПК
    - За А0 – Домување во станбени куќи со посебен режим за градежни парцели над 1000 м^2, катност е П+2+ПК
    - За А1 – домување во станбени куќи катност е П+2+ПК
    - За А3 – групно домување процентот катност е П+2
- Максимална висина на венец е:
    - За А0 – Домување во станбени куќи со посебен режим за градежни парцели до 1000 м^2, максимална висина на венец е 10,2 м^2
    - За А0 – Домување во станбени куќи со посебен режим за градежни парцели над 1000 м^2, максимална висина на венец е 10,2 м^2
    - За А1 – домување во станбени куќи, максимална висина на венец е 10,2 м^2
    - За А3 – групно домување, максимална висина на венец е 10,00 м^2
- Општите услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите се применуваат за сите катастарски парцели во рамките на планскиот опфат во чии граници се дефинирани наменски зони за домување, јавни институции, зеленило и рекреација и инфраструктура.
- Во зоната предвидена за домување, во катастарските парцели до кои се пристапува директно од дефинираните главни сообраќајни правци, во објектите со основна класа на намена А1 – домување во станбени куќи и домување во станбени куќи во селско – стопански двор и А3 – групно домување дозволено е егзистирање на компатибилна класа на намени:
    - Б1 – мали комерцијални и деловни намени (до 30 % во однос на основната класа на намени)
- Формирањето на градежната парцела, површина на градба, висината на објектите, процентот на изграденост и коефициентот на искористеност да се во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14)
- Површината на градење може да се протега во рамки на една или повеќе катастарски парцели, при што минимално растојание од површината на градење до границата со парцелата кон постоечката сообраќајница не треба

да е помало од три (3) метри, согласно член 84-а од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14)

- Максимално дозволената висина на венец е планска одредба со која се утврдува височината на градбата и се одредува за онаа страна на површината за градење која гледа кон лицето на градежната парцела (страната од каде што се пристапува преку јавна сообраќајна површина), во согласност со член 44 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14):
    - За рамен терен максималната височина на градбата се изразува како вертикално растојание помеѓу тротоарот и завршниот венец на градбата во должни метри;
    - За терен во пад, доколку тротоарот долж лицето на парцелата е во пад, максималната височина се одредува помеѓу висинската кота на тротоарот во средината на страната на површината за градење долж падот на теренот и завршниот венец на градбата.
- Стационарниот сообраќај – паркирањето да се решава во рамки на сопствена градежна парцела. Потребниот број на паркинг места да се утврди согласно член 59 и 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14). Обезбедувањето на потребниот број на паркинг места е одновен услов за постигнување на максимално дозволените урбанистички величини и параметри (процент на изграденост, коефициент на искористеност, висина на венец и катност)
- Колски пристап до градежните парцели да се обезбеди од постоечка сообраќајна инфраструктура. Доколку не е обезбеден колски пристап до парцелата, инвеститорот е должен сам да си обезбеди колски или пешачки пристап
- Надлежните институции кои стопанисуваат со комуналните инфраструктурни мрежи (водовод, канализација, електрично напојување, фиксна телефонија итн.) да обезбедат услови за приклучок на градежните парцели кон своите мрежи
- Во рамките на планскиот опфат, потребно е обезбедување на услови со соодветно собирање, чување предтретман, третман, рециклирање или уништување на создадениот комунален отпад кој ќе се одлага во заеднички контејнери, а определувањето на нивните локации да се изврши со Одлука од Советот на општина Новаци
- При изградбата на новите објекти да се почитува важечката законска и подзаконска регулатива која го регулира градењето

- Се задолжува инвеститорот да обезбеди комплетен третман на отпадните води во согласност со важечката законска регулатива
- Сите параметри за уредување на просторот во планскиот опфат кои не се опфатени во приложените општи услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите од овој Општ акт, мора да бидат во согласност со Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РМ бр. 63/12; 126/12; 19/13; 95/13 и 37/14).

Број на парцела	Основна класа на намена	Компатибилни класи на намена	Катност	Максимална висина до венец м^1	Површина на градежна парцела м^2	Максимална површина за градба на повеќе градби во утврдениот простор за градба	Бруто развиена површина за градба по нивоа	Коефициент на искористеност	Процент на изграденост
502	А0 А1 А3	Б1	П+2+ПК П+2+ПК П+2	10,2 10,2 10,0	1345	672,5	1850 1850 1600	0,5 1,5 1,5	50
520	А0 А1 А3	Б1	П+2+ПК П+2+ПК П+2	10,2 10,2 10,0	207	103,5	290 290 250	1,0 1,5 1,5	50
536	А0 А1 А3	Б1	П+2+ПК П+2+ПК П+2	10,2 10,2 10,0	321	160,5	430 430 385	1,0 1,5 1,5	50
700	А0 А1 А3	Б1	П+2+ПК П+2+ПК П+2	10,2 10,2 10,0	2252	1126	3000 3000 2700	0,5 1,5 1,5	50

Лица надлежни за реализација на Програмата

За реализација на оваа Програма надлежна е Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање на градежно земјиште сопственост на Република

Северна Македонија составена од 3 лица од кои сите се со овластување за располагање со градежното земјиште.

Проценка на финансискиот прилив по основ на реализација на Програмата

Се очекува прилив на средства по оваа Програма од продажба на парцели за домување, со основни намени:

- А0 – домување во станбени куќи со посебен режим
- А1 – домување во станбени куќи
- А3 – групно домување

Проценка на финансиските средства потребни за реализација на Програмата

Потребни средства кои се предвидени за реализација на Програмата се само за огласување на парцелите во јавните гласила без нивно рекламирање и ќе изнесува 30000 денари.

Програмата ја усвојува Советот на општина Новаци.

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка по која и се донесува.

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на општина Новаци.

Програмата влегува во сила со денот на објавувањето во Службениот гласник на општина Новаци.

Совет на Општина Новаци

Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за отпочнување на постапка за носење Нов Стратешки План за Локален Економски развој 2020-2024

1. Објавувам Одлука за отпочнување на постапка за носење Нов Стратешки План за Локален Економски развој 2020-2024, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/2
03.03.2020 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за отпочнување на постапка за носење Нов Стратешки План
за Локален Економски развој 2020-2024

Член 1

СЕ ОДОБРУВА отпочнување на постапка за носење Нов Стратешки План за Локален Економски развој 2020-2024.

Член 2

До донесување на Нов Стратешки План за Локален Економски развој 2020-2024, ќе се применува Стариот Стратешки План за Локален Економски развој 2015-2019 бр.14-513/18 од 28.05. 2015 година.

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-255/5
28.02.2020 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година

1. Објавувам Одлука за утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/3 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 78 од Изборниот законик (Службен весник на РМ бр. 40/06,136/208,148/08,155/08,163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 33/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16 И 99/16, а во врска со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
За утврдување и обележување места за истакнување на
изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат местата на кои е дозволено да се истакнуваат изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија,2020 година, и се обезбедуваат еднакви услови за сите организатори на изборната кампања.

Член 2

Истакнувањето на изборните плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, 2020 година започнува од 23-03-2020 г. /00,00 часот/ и завршува на 10-04-2020 г.во 24,00 ч.

На утврдените места организаторите на изборната кампања можат да поставуваат свои подвижни паноа со залепени плакати распоредени во линија , под услов да не се попречува видикот на другите паноа , но не повеќе од 3 паноа на една локација од секој организатор на изборната кампања.

Член 3

Без надоместок изборни плакати можат да се истакнуваат на електрични

столбови на висина над 3 метри.рекламни паноа на градежно земјиште-државна сопственост-општинска сопственост

Изборните плакати можат да се истакнуваат без надоместок на слободните површини погодни за таква намена, и на стамбени и други приватни објекти, со претходна согласност (одобрение) од сопственикот на објектот.

Член 4

Не се дозволува лепење плакати на објекти и фасади под заштита , односно на културно-историски споменици, спомен обележја и бисти , телефонски и електрични кабли.

Член 5

Дополнителните места за истакнување на изборни плакати со надоместок се утврдуваат врз основа на барање на организаторот на изборната кампања по претходна согласност на Одделението за комунални работи .

Барањато за користење дополнителни места за истанување паноа со изборни плакати се доставува најдоцна 3 дена пред денот определен за почеток на изборната кампања.

Член 6

Организаторите на изборната кампања , во рок од 30 дена по завршувањето на изборите должни се да ги отстранат своите паноа и плакати од објектите и просторот.

Член 7

Непридржувањето кон утврдените места и определените услови повлекува казна за сторен прекршок според канените одредби од Изборниот законик.

Член 8

Надзорот над примената на оваа одлука ќе го врши Општинскиот инспекторат.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-255/6 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за усвојување на Развојна Програма на училиштето ООУ,,Славко Лумбарковски,,-Новаци 2020-2024

1. Објавувам Одлука за усвојување на Развојна Програма на училиштето ООУ,,Славко Лумбарковски,,-Новаци 2020-2024, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-276/4 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Развојна Програма на училиштето
ООУ,,Славко Лумбарковски,,-Новаци 2020-2024

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Развојна Програма на училиштето ООУ,,Славко Лумбарковски,,-Новаци 2020-2024.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Развојна Програма на училиштето ООУ,,Славко Лумбарковски,,-Новаци 2020-2024, бр.01-577/1 од 30.12.2019 година(наш број 15-240/1 од 21.02.2020 година).

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Бр.14-255/7 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски
==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„ Новаци за учебната 2019/2020 година

1. Објавувам Одлука за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„ Новаци за учебната 2019/2020 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/5 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„ Новаци за учебната 2019/2020 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Полугодишниот извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„Новаци за учебната 2019/2020 година.

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Полугодишниот извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„Новаци за учебната 2019/2020 година, бр.01-38/1 од 21.01.2020 година(наш број 15-240/2 од 21.02.2020 година).

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-255/8 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски
==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за усвојување на Годишна Програма на училиштето ООУ,,Славко Лумбарковски,,-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година

1. Објавувам Одлука за усвојување на Годишна Програма на училиштето ООУ,,Славко Лумбарковски,,-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-276/6 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за усвојување на Годишна Програма на училиштето ООУ,,Славко Лумбарковски,,-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година

Член 1

СЕ УСВОЈУВА Годишна Програма на училиштето ООУ,,Славко Лумбарковски,,-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година

Член 2

Составен дел на оваа Одлука е Годишна Програма на училиштето ООУ,,Славко Лумбарковски,,-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година, бр.01-569/1 од 30.12.2019 година(наш број 15-240/3 од 21.02.2020 година).

Член 3

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Бр.14-255/9 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на иницијатива на општина Новаци за превземање на депонијата во с.Мегленци заради вршење работи од јавен интерес за општината

1. Објавувам Одлука за одобрување на иницијатива на општина Новаци за превземање на депонијата во с.Мегленци заради вршење работи од јавен интерес за општината, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/7 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А

за одобрување на иницијатива на општина Новаци за превземање на депонијата во с.Мегленци заради вршење работи од јавен интерес за општината

Член 1

СЕ ОДОБРУВА иницијативата на општина Новаци за превземање на депонијата во с.Мегленци, заради вршење работи од јавен интерес за општината.

Член 2

Општината самостојно, во рамките на законот ги уредува и врши работи од јавен интерес од локално значење согласно член 21 од Законот за локална самоуправа, заради воспоставување на надлежност на своето подрачје за вршење на работи на јавен интерес, покренува иницијатива за превземање на депонијата за комунален отпад која се наоѓа на подрачјето на општина Новаци.

Член 3

Правата и обврските кои произлегуваат од примопредавањето на комуналната инфраструктура-депонија за комунален отпад „Мегленци„ општина Новаци, сопственоста, начин на управување, стопанисување, и меѓусебни обврски за управување со отпадот ќе се уредат со посебен договор меѓу општина Битола и општина Новаци.

Член 4

Примерок од Одлуката да се достави до Совет на општина Битола, Ј.П.„Комуналец„ Битола, РЕК Битола и надлежни министерства.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, и ќе се објави во („Службен гласник на Општина Новаци„).

Бр.14-255/10 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(,,Службен весник на Р.М.,,бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци,,бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ,,Службен гласник на општина Новаци,,.

Бр.08-276/8 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (,,Сл. Весник на РМ,, бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци (,,Службен гласник на општина Новаци,, бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за одобрување на финансиски средства

Член 1

СЕ ОДОБРУВА уплата на финансиски средства на виза бизнис картица бр.0034106834, на општина Новаци.

Член 2

Средствата ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Новаци за 2020 година.

Член 3

Се задолжува Оделението за финансиски прашања при општина Новаци, да ја спроведе Одлуката.

Член 4

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во ,,Службен гласник на Општина Новаци,,.

Бр.14-255/11 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски
==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 68 од Статутот на Општина Новаци„бр.07/2019, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Одлука за определување на надоместокот за дневница за службено патување во Републикта

1. Објавувам Одлука за определување на надоместокот за дневница за службено патување во Републикта, донесена на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 28.02.2020 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-276/9 ОпштинаНоваци
03.03.2020 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 62 став 1 точка 1 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ„ бр5/02), во согласност со член 94 и член 21 став 1 точка 49 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ бр.07/2019), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 28.02.2020 година, донесе

О Д Л У К А
за определување на надоместокот за дневница за службено патување во Републикта

Член 1

СЕ ОПРЕДЕЛУВА надоместокот за дневница за службено патување во Републикта, без трошоците за ноќевање,да изнесува **700,00 денари**.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во став 1 од овој член.

Доколку во агендата стојат платени трошоци за храна, се исплатува 20% од дневницата.

Член 2

Одлуката влегува во сила наредниот ден од објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-255/12 Совет на општина Новаци
28.02.2020 год. Претседател
НаумчеСмилевски
==========

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Програма во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Новаци за 2020 година.

2.Заклучок за објавување Одлука за отпочнување на постапка за носење Нов Стратешки План за Локален Економски развој 2020-2024.

3.Заклучок за објавување Одлука за утврдување и обележување места за истакнување на изборни плакати за Предвремените избори за пратеници во Собранието на Република С. Македонија, 2020 година

4.Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Развојна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци 2020-2024

5.Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Полугодишен извештај за работата на ОУ„Славко Лумбарковски„ Новаци за учебната 2019/2020 година

6.Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Годишна Програма на училиштето ООУ„Славко Лумбарковски„-Новаци за професионален и кариерен развој на наставниците, стручните соработници, директорот и неговиот помошник 2019/2020 година

7.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на иницијатива на општина Новаци за превземање на депонијата во с.Мегленци заради вршење работи од јавен интерес за општината

8.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства

9.Заклучок за објавување Одлука за определување на надоместокот за дневница за службено патување во Републикта

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци